Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13; 42/14; 44/15; 129/15; 192/15; 39/16 и 99/18), Градоначалникот на Општина Центар - Скопје, на ден 12.11.2020 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Детален урбанистички план Градска четврт ЦС 07 – Крњево 2, Општина Центар – Скопје, плански период 2017 - 2022, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр.199/14; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16; 64/18 и 168/18), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Центар – Скопје (www.centar.gov.mk).

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Детален урбанистички план Градска четврт ЦС – Крњево 2, Општина Центар – Скопје, плански период 2017 – 2022 нема да има влијание врз животната средина од следните причини: планот се донесува врз основа на Генералниот урбанистички план на град Скопје од 2012 година за кој што е спроведена стратегиска оцена за влијание врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 09-3975/6

12.11.2020, Скопје

**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Саша Богдановиќ**

ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-3975/5
12.11. 2020 год.
СКОПЈЕ

**Формулар за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена**

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Детален урбанистички план Градска четврт ЦС 07 – Крњево 2, Општина Центар - Скопје, плански период 2017 - 2022 |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Градоначалник на Општина Центар – Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Центар – Скопје |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДОО Скопје<br>Работен тим:<br>Елена Андреева, дипл. инж. арх.<br>м-р Емилија Лелифановска, дипл. инж. арх.<br>Маја Зафировска, дипл. инж. арх.<br>м-р Бисера Стојанова, дипл. инж. арх. |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | Булевар Кузнам Јосифовски Питу бр.19/6-9<br>Поштенски фах 34, Скопје<br>Тел.:02 2461 451; 02 2461 571<br>e-mail: inpuma@t.mk |

| **Основни податоци за планскиот документ** |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Усогласување на деталниот урбанистички план со планот од повисоко ниво - Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година, усвоен од Советот на Град Скопје во 2012 година. Реализација на Програма за урбано планирање „Ф" на Општина Центар – Скопје. |
| Дали се донесува нов плански документ или се врши измена на постојниот? |
| Се носи нов плански документ. |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| / |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Да / Урбанистичко планирање |
| Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5). |
| ДА<br>Член 3 точка 13 |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се |

| |
|---|
| утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина? Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| НЕ |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина? Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Да / 6.65 ха / локално значење |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Основната цел на Деталниот урбанистички план е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на планскиот опфат на Градската четврт со границите на четвртта како што се одредени со ГУП на Град Скопје, 2012-2022. Усогласувањето се однесува и за клучните плански одредби во Генералниот урбанистички план со кои се уредуваат планскиот опфат, намената на земјиштето и објектите, регулационите линии, односно примарната мрежа на сообраќајници и комунални инфраструктури, како и за сите други нумерички плански параметри во ГУП што се однесуваат на Градската четврт ЦС 07.<br>Цел на Деталниот урбанистички план е да ги преиспита начинот и степенот на спроведување на важечкиот Детален урбанистички план локалитет Крњево 2, плански период 2011-2016, за потоа со новите плански решенија да бидат создадени реални услови за реализација на планот, од аспект на регулирање на сопственоста, да се обезбедат просторни претпоставки за повисок стандард во домувањето во стабени згради што ќе се обезбеди со препарцелација на градежните парцели и оформување на површини за градење и дворни места со зеленило. Новата планска документација треба да содржи урбанистички решенија што ќе обезбедат функционално и просторно поврзување со непосредната околина-десниот брег на реката Вардар, со централното градско подрачје и со градот во целина; решенија што ќе обезбедат квалитетна и рационална секундарна мрежа на сообраќајници во четвртта како и нејзиното поврзување со околните булевари од примарната мрежа; решенија што ќе ги сочуваат и надградат просторите во кои се остварува јавниот интерес – како што се зелените површини и паркиралиштата. Се разбира, цел на Деталниот урбанистички план е и да се создадат подобри услови во обезбедувањето на комуналните стандарди од областа на водоснабдувањето, одведувањето на отпадните води, отстранувањето на цврстиот отпад, снабдувањето со енергија, електронските комуникации и сл. |
| Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Урбанистичко планирање |
| Период за донесување на планскиот документ |
| 2017-2022 |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање на колку години? |
| 5 години |
| Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Границите на планскиот опфат се следните:<br><br>- на **североисток** до осовина на транзитна магистрала бул.„Никола Карев" В.08-В.09;<br>- на **југоисток** до осовина на собирна улица „Беласица" С.15-В.09;<br>- на **југозапад** до осовина на градска магистрала бул. „Гоце Делчев" В.15-С.15;<br>- на **северозапад** до осовина на транзитна магистрала бул. „Крушевска Република" В.08-В.15. |

| | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ? | X | |
| Дали е приложена копија од целите? | X | |

| | |
|---|---|
| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата | Нема значителни промени на потенцијалните влијанија врз животната средина. Се работи за опфат на план со краткорочна историја на урбанистичко планирање со генерални и детални урбанистички планови (по урбанистичките решенија за овој опфат од 60-тите години на минатиот век, прв и единствен е актуелниот ДУП за овој опфат од 2012 година).<br>Предлог планот предвидува градежни парцели со намена: А2 – домување во станбени згради, Б5 – хотели, В2 – здравство и социјална заштита, Е1 – комунална инфраструктуира, Е2 – комунална супраструктура, како и јавни простори со намена Д1 – парковско зеленило.<br>Со ГУП-от на Град Скопје 2012-2022 година за овој опфат се предвидува намена А (домување). |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | За опфатот на планот има претходни плански документи (Детален урбанистички план локалитет Крњево 2, Општина Центар - Скопје, плански период 2011-2016 кој е во согласност со ГУП на Град Скопје 2002-2020 година и ГУП на Град Скопје од 2012-2022 година). Со овој план нема дополнителни оптоварувања врз животната средина и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи) | Со планската документација се предвидени мерки за заштита на животната средина и мерки за заштита и спасување согласно релевантната законска регулатива. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната) | Опфатот на планот е делумно урбанизирана четврт уредена со дел од важечки Детален урбанистички план локалитет Крњево 2, Општина Центар – Скопје, плански период 2011-2016 година (11,00 ха, број на домаќинства 1.390, вкупен број на жители 5.000, густина на домување 455 ж/ха) и ГУП на Град Скопје 2012-2022 година. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| - целосна урбанизација на опфатот на ДУП Градска четврт ЦС 07 – Крњево 2, Општина | |

<table>
<tr><td colspan="2">Центар – Скопје, плански период 2017-2022;<br>- зголемување на вредноста на земјиштето;<br>- подобар квалитет на користење на земјиштето;<br>- повисок стандард на домување и подобар квалитет на живот;<br>- создавање на подобри услови во обезбедувањето на комуналните стандарди од областа на сообраќајот, водоснабдувањето, одведувањето на отпадните води, отстранувањето на цврстиот отпад, снабдувањето со енергија, електронските комуникации и сл.;<br>- планирање на нов објект со намена В2 – здравство и социјална заштита;<br>- обезбедување на повисок стандард на јавното зеленило со дрворедни садници.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Областа е на територијата на општината која е со намена домување. Се наоѓа во непосредна близина на Ректоратот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј",како и на неколку факултети од Универзитетот; објектите кои се во изведба на ул.„Беласица" (старо сајмиште), дел од комплесот на територија на општина Гази Баба со намена домување и комерцијални објекти, транспортниот центар, МРТВ и објекти со намена јавни иституции (судови).<br>Тоа се најголемите вредности, а воедно и ранливости на областа.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Во опфатот нема регистрирано културно наследство.</td></tr>
<tr><td>Надминување на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности</td><td>Нема</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>Површината во рамките на опфатот е 6.65 ха, планирана е 41 градежна парцела; вкупна бруто развиена површина е 88.555 м²; просечен бруто коефициент на искористеност изнесува 3,13, додека просечен бруто процент на изграденост изнесува 47 %.</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја</td><td>Нема</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите</td></tr>
<tr><td colspan="2">Планскиот документ рамките за спроведување ги поставува согласно одредбите од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и друга релевантна законска регулатива.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја околината во близината на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Опфатот на планот е дел од делумно изградена и делумно урбанизирана четврт со постоечка намена А – домување, Б – комерцијални и деловни намени, Е – инфраструктура и Г – производство, дистрибуција и сервси.<br>Со планот е предвидена реализација на објекти со следниве намени: А2 – домување во станбени згради, една градежна парцела со намена Б5 – хотели, една градежна парцела со намена В2 – здравство и социјална заштита, Е1 – комунална инфраструктуира, Е2 – комунална супраструктура, како и јавни простори со намена Д1 – парковско зеленило.<br>Локацијата е опкружена со големи сообраќајници, со што се олеснува пристапот. Во близина нема постоечки здравствени установи и болници врз кои би имало значително влијание, но во непосредна близина се наоѓа образовната институција Ректоратот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј", како и неколку факултети од Универзитетот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на</td></tr>
</table>

| |
|---|
| еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови) |
| Урбанистичкото планирање овозможува промовирање на одржливиот развој преку спроведувањето на планските документи.<br>Планскиот документ овозможува реализирање на основните принципи на одржливиот развој: економски развој, заштита на животна средина и социјална благосостојба. Со реализацијата на планот се решаваат клучни еколошки проблеми, кои што произлегуваат од: старата инфраструктура, неорганизиран систем за собирање на отпадот и создавање диви депонии, палење на отпад, оставен отпад на приватен и напуштен имот, излевања на канализации, греење на нееколошки материи, појава на заразни болести и нарушување на мирот на граѓаните. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ? Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали) |
| Спроведувањето на планскиот документ ќе ги реши проблемите со делумно урбанизираниот опфат преку изградба на нови објекти со намена домување, изведба на планирана нереализирана или замена на застарена инфраструктура , како и проблеми со сообраќајното решение. Ќе се обезбеди и повисок стандард на јавното зеленило.<br>На тој начин, се решава проблемот со дивите депонии, неконтролирано палење на отпад, уништено зеленило и се овозможува поквалитетна средина за живеење и работење, како нови места за социјално дружење и детска игра.<br>Се овозможува пристап до нови, подобри социјални и здравствени услуги, со што се подобрува здравјето на населението, квалитетот на живот и заштитата на животната средина. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена. |
| План од повисоко ниво е Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година, усвоен од Советот на Град Скопје во 2012 година.<br>За опфатот на планскиот документ актуелен е Детален урбанистички план локалитет Крњево 2, Општина Центар – Скопје, 2011-2016 година кој е работен согласно претходниот Генерален урбанистички план на град Скопје за плански период 2002-2020.<br>Овој план треба да биде усогласен со Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година, што претставува законска обврска - планот од пониско ниво да биде усогласен со планот од повисоко ниво. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ. |
| Согласно член 28 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, стратегиска оцена за влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето се спроведува при донесување на генерален урбанистички план, а при донесување на детален урбанистички план само доколку не била спроведена стратегиска оцена за влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето при донесувањето на генералниот урбанистички план врз основа на кој е изработен предметниот детален урбанистички план.<br>За опфатот на планскиот документ донесен е Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година во 2012 година. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се |

| | | |
|---|---|---|
| предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина) | | |
| Во опфатот на планскиот документ кој се наоѓа на територијата на Општина Центар – Скопје се предвидува изградба на нови објекти со следниве намени: А2 – домување во станбени згради, една градежна парцела со намена Б5 – хотели, една градежна парцела со намена В2 – здравство и социјална заштита, Е1 – комунална инфраструктуира, Е2 – комунална супраструктура, како и јавни простори со намена Д1 – парковско зеленило. | | |
| ИЗЈАВА | Потврдувам дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. | |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>на Општина Центар – Скопје<br>Саша Богдановиќ<br>____________________ | |
| Датум<br>____________ година<br>Скопје | М.П. | |